РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2020 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2021 година**

## Содржина


**_1. Предметно работење на ниво на суд_ ........................................................4**

**1.1 Годишен извештај за 2020 за работата на Управен суд .....................................4**

**_2. Судска управа_ ...................................................................................5**

**_3. Квалитет на предмети на ниво на суд_ ......................................................5**

**_4. Предметно работење на ниво на оддел_ ....................................................6**

**4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**.........6

4.1.1 Состојба со предметите од имотно – правната област и други права ............................6

4.1.2 Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права *и состојба со предметите* од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права...............................................................................................7

**4.2 Состојба со предмети во одделот на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, царини и други сродни права ...7**

4.2.1 Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права ...........................................................7

4.2.2 Состојба со предметите од одбласта на царините и други сродни права .....................8

**4.3 Состојба со предмети во одделот за јавни набавки и други сродни права ......9**

**_5. Квалитет на предмети на ниво на оддел_..................................................9**

**5.1 Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права**..........................................................9

5.1.1 Предмети од имотно – правната област и други сродни права ....................................9

5.1.2 Предмети од областа на денационализација и други права *и состојба со предметите* од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права ....................................10

**5.2 Оддел на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, царини и други сродни права ..........................................................10**

5.2.1 Предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права ...........................................................................10

5.2.2 Предмети од областа на царините и други сродни права ..........................................10

**5.3 Оддел за јавни набавки и други сродни права ................................................11**

**_6. Состојба со стари предмети во 2020 година_...........................................11**

**_7. Кратки констанци за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси_..........................................................12**

**7.1 Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси....................................12**

**7.2 Опременост и одржување на зградата на Судот ..............................................14**

**7.3 Состојба и активности во делот на информатичката технологија...................16**

**7.4 Односи со јавност.........................................................................................17**

**7.5 Јавни набавки..............................................................................................19**

***8. Оддел за судска пракса.......................................................................................21***

***9. Дополнителни статистички податоци, податоци од спроведени контроли во писарницата на Управен суд како и вонредно изготвени информации за состојбата во судот во текот на годината......................22***

**9.1 Архивирани предмети по уписник и по година на архивирање..........…………22**

**9.2 Состојба на обжалени предмети и доставени жалби до надлежен суд ..... …..23**

**9.3 Време потребно за експедиција на пресуда на Управен суд по верификација…23**

***10. Резиме......................................................................................................................24***

## 1. Предметно работење на ниво на суд

### 1.1. Годишен извештај за 2020 за работата на Управен суд

Врз основа на генерирани статистички податоци од информацискиот системот за автоматско управување со судски предметите добиени се податоците кои се содржани во Табела 1. и тоа поделени по уписник.

| Област | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Управни спорови, управна област и управни прекршоци | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| У - 1 | 223 | 942 | 38 | 11 | 1192 | 705 | 487 |
| У - 2 | 1286 | 553 | 25 | 4 | 1860 | 1067 | 793 |
| У - 3 | 372 | 451 | 23 | 12 | 834 | 484 | 350 |
| У - 4 | 522 | 523 | 14 | 2 | 1057 | 829 | 228 |
| У - 5 | 1710 | 1379 | 39 | 19 | 3109 | 2209 | 900 |
| У - 6 | 594 | 2034 | 45 | 9 | 2664 | 1303 | 1361 |
| УРП | 11 | 243 | 3 | 1 | 256 | 247 | 9 |
| УИ | 17 | 27 | 5 | 2 | 47 | 40 | 7 |
| УСПИ | 12 | 13 | 1 | 0 | 26 | 12 | 14 |
| УПР | 212 | 377 | 12 | 5 | 596 | 407 | 189 |
| УПРЦ | 45 | 52 | 10 | 0 | 107 | 74 | 33 |
| УПРД | 26 | 29 | 0 | 0 | 55 | 42 | 13 |
| УПРК | 8 | 4 | 0 | 0 | 12 | 7 | 5 |
| Вкупно - вид на предмет | 5038 | 6627 | 215 | 65 | 11815 | 7426 | 4389 |
| Вкупно - област | 5038 | 6627 | 215 | 65 | 11815 | 7426 | 4389 |

**Табела 1**

На почетокот на 2020 година останати нерешени предмети од претходната година се 5038 предмети вкупно за сите уписници. Во текот на 2020 година новопримени се 6627 предмети додека повторно заведени се 215 предмети по различни основи. Од овде произлегува дека вкупно во работа во 2020 година биле 11815 предмети земајќи ги предвид и 65 предмети кои добиле статус на погрешно заведени. Со оглед на фактот дека во 2020 година решени се 7426 предмети, на крај на годината вкупниот број на остаток на нерешени предмети е 4389 предмети. Од овде произлегува дека во 2020 година приливот на решени во однос на новопримените и повторно заведените предмети е за 8,5 % совладан.

## 2. Судска управа

| Област | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени и повторно заведени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| СУ | 13 | 1264 | 1 | 0 | 1278 | 1278 | 0 |
| СУ-ДОВ | 0 | 13 | 0 | 0 | 13 | 13 | 0 |
| СПИ | 20 | 54 | 0 | 0 | 74 | 74 | 0 |
| УПП | 1 | 470 | 0 | 0 | 471 | 469 | 2 |
| Вкупно - вид на предмет | 34 | 1801 | 1 | 0 | 1836 | 1834 | 2 |
| Вкупно - област | 34 | 1801 | 1 | 0 | 1836 | 1834 | 2 |

**Табела 2**

Во анализираниот период, од предметите што се однесуваат на судската управа, примени се 1265 предмети, евидентирани во уписниците „СУ“, „СУ-01“, „СУ-02“, „СУ-03“, „СУ-04“, „СУ-05“, „СУ-07“, „СУ-ИЗЗ“, „СУ-СТР-ДОВ“, додека 13 предмети од уписникот „СУ-ДОВ“ , решени се 1291 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2020 година не останале нерешени предмети. Во уписникот „УПП“ се евидентирани 470 новопримени предмети, решени се 471 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2020 година останале 2 нерешени предмети, додека во уписникот „СПИ“ се евидентирани 54 новопримени предмети, решени се 74 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на годината нема остаток нерешени предмети како што е прикажано погоре во табела 2.

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Во 2020 година од Вишиот управен суд примени се вкупно 3848 предмети по кои е донесена одлука по жалба, од кои 2595 потврдени одлуки, 497 преиначени, 208 укинати, 1 делумно укинат, 177 отфрлени како и 6 одлуки со одлука друго што може да се види во табелата 3.

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 3484 | |
| Потврдени | 2595 | 74,48% |
| Преиначени | 497 | 14,27% |
| Укинати | 208 | 5,97% |
| Делумно укинати | 1 | 0,03% |
| Отфрлени | 177 | 5,08% |
| Друго | 6 | 0,17% |

**Табела 3**

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

Во рамките на овој оддел се формираат 3 (три) совети, и тоа: еден совет кој постапува и одлучува по предмети од имотно-правна област и други сродни права и два совета кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *4.1.1. Состојба со предметите од имотно – правната област и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Новопримени од друг судија | Дадени на друг судија | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 15 | 36 | 0 | 0 | 0 | 51 | 40 | 11 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Разни управни предмети-**"УРП"** | 1 | 22 | 1 | 0 | 0 | 24 | 24 | 0 |
| Барање на заштита на основни права и слободи **"УСПИ"** | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд **"УИ"** | 1 | 9 | 0 | 0 | 0 | 10 | 10 | 0 |
| Управни спорови од областа на царина и други права **"У-6"** | 0 | 0 | 36 | 0 | 1 | 35 | 32 | 3 |
| Управни спорови од областа на даноци и други права **"У-5"** | 0 | 0 | 134 | 0 | 0 | 134 | 133 | 1 |
| Управни спорови од имотно-правна област и други права **"У1"** | 223 | 978 | 2 | 0 | 11 | 1192 | 705 | 487 |
| **ВКУПНО** | 241 | 1048 | 173 | 1 | 12 | 1449 | 944 | 505 |

**Табела 4**

### *4.1.2.* . Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права *и состојба со предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Новопримени од друг судија | Дадени на друг судија | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | **23** | **111** | **2** | **1** | **1** | **134** | **89** | **45** |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | **0** | **3** | **3** | **1** | **0** | **5** | **1** | **4** |
| Разни управни предмети-**"УРП"** | **0** | **101** | **14** | **4** | **0** | **111** | **104** | **7** |
| Барање на заштита на основни права и слободи **"УСПИ"** | **1** | **7** | **4** | **1** | **0** | **11** | **6** | **5** |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд **"УИ"** | **3** | **7** | **0** | **0** | **1** | **9** | **7** | **2** |
| Управни спорови од урбанизам и градежништво и други права **"У-3"** | **372** | **472** | **94** | **93** | **12** | **833** | **484** | **349** |
| Управни спорови од денационализација и други права **"У-2"** | **1286** | **578** | **355** | **355** | **4** | **1860** | **1067** | **793** |
| Управни спорови од имотно-правна област и други права **"У1"** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **ВКУПНО** | **1685** | **1280** | **472** | **456** | **18** | **2963** | **1758** | **1205** |

**Табела 5**

## 4.2. Состојба со предметите во одделот за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини *и други сродни права*

Во овој оддел функционираат два совета, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другиот за предметите од областа на царините и други права.

### *4.2.1. Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Новопримени од друг судија | Дадени на друг судија | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | **32** | **43** | **0** | **0** | **1** | **74** | **60** | **14** |
| Разни управни предмети-**"УРП"** | **7** | **39** | **2** | **4** | **1** | **43** | **41** | **2** |
| Барање на заштита на основни права и слободи **"УСПИ"** | **5** | **1** | **0** | **2** | **0** | **4** | **3** | **1** |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд **"УИ"** | **9** | **14** | **0** | **0** | **1** | **22** | **19** | **3** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од урбанизам и градежништво и други права **“У-3”** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Управни спорови од областа на пензиите, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права **"У-4"** | 522 | 537 | 3 | 3 | 2 | 1057 | 829 | 228 |
| **ВКУПНО** | 575 | 634 | 6 | 9 | 5 | 1201 | 952 | 249 |

**Табела 6**

### *4.2.2.Состојба со предметите од областа на царините и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Новопримени од друг судија | Дадени на друг судија | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-царина **"УПРЦ"** | 45 | 62 | 9 | 9 | 0 | 107 | 74 | 33 |
| Управни прекршоци-разни **“УПР”** | 58 | 84 | 1 | 9 | 2 | 132 | 77 | 55 |
| Управни прекршоци-конкуренција **“УПРК”** | 5 | 0 | 2 | 3 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| Разни управни предмети-**“УРП”** | 1 | 15 | 0 | 10 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| Барање на заштита на основни права и слободи **“УСПИ”** | 5 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд **“УИ”** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| Управни спорови од урбанизам и градежништво и други права **“У-3”** | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Управни спорови од областа на царина и други права **"У-6"** | 594 | 2079 | 137 | 173 | 8 | 2629 | 1271 | 1358 |
| Управни спорови од имотно-правна област и други права **“У1”** | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно - судија** | 708 | 2245 | 149 | 209 | 10 | 2883 | 1434 | 1449 |

**Табела 7**

## 4.3. Состојба со предметите во одделот за јавни набавки *и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Новопримени од друг судија | Дадени на друг судија | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **"УПР"** | 84 | 115 | 7 | 0 | 1 | 205 | 141 | 64 |
| Управни прекршоци-конкуренција **"УПРК"** | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| Управни прекршоци-даноци **"УПРД"** | 26 | 29 | 0 | 0 | 0 | 55 | 42 | 13 |
| Разни управни предмети-**"УРП"** | 2 | 69 | 1 | 0 | 0 | 72 | 72 | 0 |
| Барање на заштита на основни права и слободи **"УСПИ"** | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд **"УИ"** | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| Управни спорови од областа на даноци и други права **"У-5"** | 1710 | 1418 | 276 | 410 | 19 | 2975 | 2076 | 899 |
| **ВКУПНО** | 1829 | 1635 | 285 | 410 | 20 | 3319 | 2338 | 981 |

**Табела 8**

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

Во 2020 година, во Управен суд се поднесени 2737 жалби, а од Вишиот управен суд, со второстепени одлуки се вратени 3848 предмети.

Состојбата со примени предмети со второстепени одлуки од Вишиот управен суд, табеларно на ниво на оддели е прикажана во следните табели:

### 5.1. Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *5.1.1. Предмети од имотно – правната област и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 416 | |
| Потврдени | 320 | 76,92% |
| Преиначени | 47 | 11,30% |
| Укинати | 31 | 7,45% |
| Делумно укинати | 0 | 0,00% |
| Отфрлени | 18 | 4,33% |
| Друго | 0 | 0,00% |

**Табела 9**

### *5.1.2.* Оддел за денационализација и други права *и предмети од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 612 | |
| Потврдени | 405 | 66,18% |
| Преиначени | 109 | 17,81% |
| Укинати | 51 | 8,33% |
| Делумно укинати | 1 | 0,16% |
| Отфрлени | 43 | 7,03% |
| Друго | 3 | 0,49% |

**Табела 10**

## 5.2. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права

### *5.2.1. Предмети од областа на пензиите и правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 400 | |
| Потврдени | 298 | 74,50% |
| Преиначени | 58 | 14,50% |
| Укинати | 19 | 4,75% |
| Делумно укинати | 0 | 0,00% |
| Отфрлени | 23 | 5,75% |
| Друго | 2 | 0,50% |

**Табела 11**

### *5.2.2. Предмети од областа на царините и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 1118 | |
| Потврдени | 872 | 78,00% |
| Преиначени | 156 | 13,95% |
| Укинати | 61 | 5,46% |
| Делумно укинати | 0 | 0,00% |
| Отфрлени | 29 | 2,59% |
| Друго | 0 | 0,00% |

**Табела 12**

### 5.3. Оддел за јавни набавки *и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 938 | |
| Потврдени | 700 | 74,63% |
| Преиначени | 127 | 13,54% |
| Укинати | 46 | 4,90% |
| Делумно укинати | 0 | 0,00% |
| Отфрлени | 64 | 6,82% |
| Друго | 1 | 0,11% |

**Табела 13**

## 6. Состојба со стари предмети во 2020 година

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Предмети што добиле статус на стари | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток стари нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно -правна област и други права **"У-1"** | 8 | 14 | 22 | 22 | 0 |
| Управни спорови од денационализација и други права **"У-2"** | 7 | 98 | 105 | 98 | 7 |
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права **"У-3"** | 0 | 13 | 13 | 10 | 3 |
| Управни спорови од пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права **"У-4"** | 11 | 23 | 34 | 31 | 3 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права **"У-5"** | 3 | 50 | 53 | 49 | 4 |
| Управни спорови од царина и други права **"У-6"** | 5 | 38 | 43 | 41 | 2 |
| Разни управни предмети **"УРП"** | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 |
| Барање за заштита на основни слободи и права **"УСПИ"** | 0 | 4 | 4 | 3 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за извршување на пресуда "**УИ**" | 1 | 2 | 3 | 3 | 0 |
| Прекршоци "**УПР**" | 1 | 24 | 25 | 25 | 0 |
| Прекршоци "**УПРД**" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Прекршоци "**УПРЦ**" | 0 | 10 | 10 | 6 | 4 |
| Прекршоци "**УПРК**" | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Вкупно | 37 | 278 | 315 | 291 | 24 |

**Табела 14**

## 7. Кратки констанци за прсторните капацитети, информатичката технологијаа и човечки ресурси

### *7.1. Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси*

Имено, во текот на 2020 година, во Управниот суд се пополнети вкупно 32 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот, од вкупно предвидените 33 судиски места, вклучувајќи го и Претседател на суд, согласно Одлуката на Судски совет на Република Македонија.

Во текот на месец јуни 2019 година, врз основа на Решението бр.08-4/9 од 11.06.2019 година на Судски совет на Република Северна Македонија, еден судија на Управен суд, времено се оддалечува од вршење на судиската функција, до правосилно завршување на кривичната постапка, при што со Одлука на Судски совет на Прпублика Северна Македонија Бр.10-102/1 од 20.10.2020 година, судијата е разрешен од вршење на судската функција, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, а по која одлука во тек е постапка по жалба пред Советот за одлучување по жалби при Врховен суд на Република Северна Македонија.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд, заклучно со 31.12.2020 година, беа предвидени вкупно 149 работни места, од кои што 78 беа пополнети, а 71 непополнети, а во кои се вклучени и 11 судски службеници, вработени во судот на определено време заклучно со 31.12.2020 година.

Во текот на месец јануари 2020 година, во Управниот суд, на еден виш судски службеник му престана работниот однос во Управен суд, додека истиот месец, во постапка за вработување по јавен оглас, Управниот суд спроведе вработување на еден раководен судски службеници, со звање раководител на стручно правна служба.

На почетокот на месец февруари 2020 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 2 (двајца) стручни судски службеници и тоа двајца помлади судски соработници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

Во текот на месец февруари 2020 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, на двајца судски

службеници им престана работниот однос во Управен суд на начин што еден виш судски соработник беше првземен од Управен суд во Агенцијата за електронски комуникации, додека еден судски советник беше превземен од Управен суд во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

Во текот на месец ноември 2020 година, во Управниот суд, на двајца судски службеници им престана работниот однос во Управен суд, и тоа на еден судски советник и еден виш судски соработник поради нивен избор за Државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Во текот на месец декември 2020 година, Управниот суд во постапка по Интерен оглас, а врз основа на добиена согласност од Министерството на финансии и Судски совет на Република Северна Македонија, спроведе кариерно унапредување на 29 судски службеници, и тоа:

- **Раководител на одделение за информатика**- унапреден 1 (еден) судски службеник со претходно звање-*советник*
- **Судски советник**- унапредени 12 судски службеници, од кои 6 (шест) судски службеници со претходно звање *виш судски соработник*, 3 (тројца) судски службеници со претходно звање *судски соработник* и 3 (тројца) судски служеници со преходно звање *помлад судски соработник*
- **Судски соработник**- унапредени 2 (двајца) судски служеници со претходно звање *помлад судски соработник*
- **Виш судски референт**- унапредени 14 судски службеници, сите со претходно звање *помлад судски референт*

Во текот на 2020 година, на 11 (единаесет) лица, со кои беше склучен договор за вработување на определено време (заклучно со 31.12.2020 година), им престана работниот однос во Управен, и тоа: на еден виш судски соработник, на двајца судски соработници, на двајца помлади судски соработници, на двајца судски референти-дактилографи, на тројца помлади судски референти (извршители во писарница) и на еден возач.

Заклучно со 31 декември 2020 година, во овој суд беа вработени вкупно 76 лица во рамките на судската служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено време (заклучно со 31.12.2020 година), и тоа:

– 3 (тројца) судски службеници од категоријата раководни судски службеници и тоа: 1 (еден) раководител на стручно-правна служба, 1 (еден) раководител на одделение за човечки ресурси и 1 (еден) раководител на одделение за информатика;

– 28 судски службеници од категоријата стручни судски службеници, од кои 13 (тринаесет) судски советници, 2 (два) виши судски соработници, 5 (пет) судски соработници, 7 (седум) помлади судски соработници и 1 (еден) советник – информатичар;

– 35 судски службеници од категоријата помошно-стручни судски службеници, од кои 1 (еден) самостоен судски референт – водител на писарница, 1 (еден) самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, 1 (еден) самостоен референт-сметководител, 19 (деветнаесет) виши судски референти –

извршители во писарница, 5 (пет) виши судски референти за обработка на документација – дактилографи, 1 (еден) судски референт за обработка на документација – дактилограф, 1 (еден) виш судски референт – архивар, 1 (еден) виш судски референт – благајник, 1 (еден) судски референт – доставувач и 5 (пет) помлади судски референти – извршители во писарница;

– 3 (три) вработени лица кои вршат технички и помошни работи - оператор на телефонска централа , хигиеничар и возач;
– 4 (четири) припадници на судска полиција.

Имајќи ја предвид ваквата состојба може да се забележи дека во 2020 година бројот на вработените во судската служба е зголемен за 4 (четири) лица, споредбено со 2019 година, меѓутоа со оглед на вкупниот број предмети што се во работа во овој суд, како и континуираното зголемување на бројот на новопримените предмети, констатација е дека бројот на вработените судски службеници од сите законски предвидени категории, се уште не е недоволен за совладување на обемот на работата, а кое нешто се одразува на целокупното работење на Судот.

Наведената состојба од гледна точка на човечки ресурси е присутна подолг период во овој суд, бидејќи половина работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд се непополнети, што доведува до застој во движењето на предметите и пречекорување на роковите за определени постапувања.

Заради разрешување на претходно констатираната состојба, во текот на 2019 година, врз основа на добиена согласност од Судски буџетски совет беше реализирано пополнување на непополнетите работни места во Судот, со судски службеници од сите категории, со обезбедување на средства за Управниот суд за нови вработувања или со спроведување на постапка за спогодбено преземање на судски службеници од други државни институции.

Во врска со ова, согласно Законот за судска служба, во 2020 година беше донесен и Годишен план за вработување во Управен суд за 2021 година Су-01.бр.0102-8/20 од 28.02.2020 година и истиот беше доставен до Судскиот буџетски совет.

### 7.2. *Опременост и одржување на зградата на Судот*

Управниот суд своите активности од законски определениот делокруг, и во текот на 2020 година, се уште ги остварува во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Орце Николов“ б.б. во Скопје, што овој суд од неговото основање го користи врз основа на договор за закуп склучен во 2007 година, меѓу АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ во државна сопственост, како закуподавач и Министерството за правда како закупец.

Во однос на административниот простор (објект), мора да се напомене дека со Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управниот суд Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија, на Управниот суд му се дадени на трајно користење, без надомест, недвижни ствари-објекти кои се наоѓаат на улица „Даме Груев“ бр.28 на

КП.бр.13479 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.103028 КО Центар 1, сопственост на Република Македонија.

По доделување на објектот, од страна на Управниот суд, уште во 2018 година, спроведена е постапка за јавна набавка на услуга - изработка на проектна документација, како и постапка за јавна набавка на услуга – ревизија на проектна документација. Проектот за внатрешна адаптација со реновирање на постоен објект – зграда и извештајот за техничка контрола – ревизија на основниот проект се изготвени и доставени до Управниот суд. По доставување на ревидираниот проект, спроведена е постапка за набавка на работи – реновирање со внатрешна адаптација, за која постапка се обезбедени средства во износ од 30.000.000,00 денари со решение бр.01-197/33 од 31.01.2019 година за обезбедување на средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2019 година, донесено од Судскиот Буџетски совет. Со оглед на тоа што најповолната понуда добиена во текот на постапката е со износ од 51.682.622,47 денари, со допис од 03.06.2019 година, Управен суд се обрати до Влада на Република Северна Македонија, со барање да се изнајде начин и да се вложат напори да се дообезбедат средства за целосно реализирање на рамковната спогодба. Од Влада на Република Северна Македонија, бевме известени дека има волја да се обезбедат средствата за целосна реализација на рамковната спогодба, но средствата ќе ни бидат доделени во моментот кога ќе се отпочне со градежните активности. Истите се доделени со решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судка власт донесено од Судскиот буџетски совет на РСМ, а се во износ од 48. 500. 000 денари.

Следствено на истото, Управниот суд, се обрати до Државното правобранителство да превземе конкретни мерки за иселување на Министерството за транспорт и врски, од каде Управниот суд беше известен дека наведеното Министерство сеуште не е преселено од причина што финансискиот и техничкиот дел од постапката за реконструкција и надградба на објектот на Министерството, кој се наоѓа на ул.Црвена Скопско Општина бр.4, е во завршна фаза и истите сеуште немаат одобрение за употреба на објектот. Други конкретни мерки од страна на Државното правобранителство не се превземени. Со дописи од 21.05.2019 година, 08.08.2019 година, 27.05.2020 година, 09.09.2020 година, Управниот суд се обрати и до Судски совет на Република Северна Македонија како и до Министертсвото за правда, со цел да се превземат соодветни активности за надминување на проблемот со кој се соочуваме. Воедно, Управниот суд, се обрати до сите релевантни институции со барање да се преземат конкретни мерки за иселување на Министерството за транспорт и врски и ослободување на објектот, односно да се изнајде начин за надминување на настанатата состојба, од причина што доколку тоа не се стори сериозно веќе се доведува во прашање примената на Законот за управни спорови („Службен весник на РСМ“ бр.96 од 17.05.2019 година), кој започна да се применува од 25 мај 2020 година.

Врз основа на сето напреднаведено, Управниот суд при повторно постапување во поглед на конечната реализација на претходно започнатата постапка за добивање на предметното Одобрение за внатрешна адаптација на постоен објект-зграда, повторно со допис се обрати до Министерството за транспорт и врски. Оттука, органот постапувајќи по нашето Барање, најде дека истото е основано и ги исполнува сите потребни услови, заради што и врз основа

на доделување на Решение за одобрување на внатрешна адаптација бр.28УП-249/20, Управниот суд во текот на 2020 годинс успешно ја финализираше претходно започнатата постапка и ги започна предвидените активности за адаптација на објектот во смисла на негово оспособување и преселување на Судот во истиот.

За безбедноста на вработените и странките, се грижат 4 (четири) припадници на судската полиција.

За одржување на хигиената, во периодот до септември 2020 година, се грижеше сервис чија дејност е одржување на хигиена - Друштво за услуги и трговија БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје, додека во периодот од септември 2020 година па до крајот на годината, за одржување на хигиената се грижи сервис Друштво за трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун ЈОНА‘С ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, кое друштво е избрано врз основа на спроведена јавна набавка со објавување на оглас за барање за прибирање на понуди во Електронскиот систем за јавни набавки, која постапка заврши со електронска аукција на која најниска цена понуди напреднаведената фирма.

За одржување на зградата, во периодот на кој се однесува извештајот, се грижеше - Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др ДОО извоз-увоз Скопје, кое друштво е избрано врз основа на спроведена јавна набавка од мала вредност, со прибирање на понуди во Електронскиот систем за јавни набавки, која постапка заврши со поднесување на конечна цена од напреднаведената фирма.

### *7.3. Состојба и активности во делот на информатичката технологија*

Во текот на 2020 година, во одделението за информатика во Судот, се спроведуваа редовните активности поврзани со употребата на АКМИС-информацискиот систем за автоматско управување со предмети, односно редовното користење и внесување на точни податоци за нивна обработка, користење на истите за генерирање на различни статистички извештаи како месечни, квартални, годишни, како и други извештаи за потребите на Судот. Редовна техничка подршка за сметководствениот програм АБМС, одржување на хардвер, подесување на параметри за програми кои се веќе инсталирани, инсталирање на нови програми, грижа за безбедносно осигурување на системот, како и заштита на податоците на повеќе локации и медиуми.

Исто така спроведувана беше контрола на пристапот до компјутерската опрема и податоци, како и одржување на целата останата компјутерска опрема, пријавување на дефекти и планови за буџет за потребните материјали за функционирање на целокупниот систем. Остварени беа повремени обуки на вработените за користење, односно ракување со системот и програмите кои се во функција. Континуирано се објавуваа одлуки и други содржини на веб страницата на судот, како и во текот на целата година објавувани се огласи на огласната табла во Судот.

Во анализираниот период, непречено функционира системот за е-приемно, односно систем за скенирање на поднесоците примени во Судот и нивно електронско поврзување со соодветните предмети веќе евидентирани во АКМИС.

Управниот суд има потреба од вертикално поврзување со повисокиот суд кој одлучува по жалби како би се олеснила и подобрила работата како на првостепениот така и на второстепениот суд.

Во судот, исто така тековно се врши електронската достава на адвокатите кои се регистрирани на порталот за е-достава, меѓутоа Управниот суд има потреба од двонасочно функционирање на електорнското сандаче од причини што истото е функционално само во еден правец, односно само за испраќање, а не и за прием на поднесоци од странките о постапките пред Управнит суд.

Исто така, во изминатиот период преку спроведување и реализирање на јавни набавки за набавка на компјутерска опрема и печатарски уреди во судот обезбедена е нова техничка опрема со што се овозможија норманли услови за работа што претставуваше проблем изминатите години.

Од голема важност е и да се напомени дека во Управниот суд нема никакви неправилности во поглед на рапределбата на предмети односно редовно се врши распределба на предметите по судии, не постои рачна распределба на предмети и дека рачна прераспределба на предмети се врши исклучиво по претходно донесена одлука од Претседателот на судот.

Во делот на судскиот web портал, во 2020 година се презмаа сите активности и се направија напори за паралелна внесување на податоците на порталот како на македонски така и на албански јазик на начин на кој Управниот суд почна и во иднина ќе го применува законот за употреба на јазиците.

### *7.4. Односи со јавност*

Во текот на 2020 година, секојдневно беа остварувани контакти со странките и сите други граѓани кои бараа информации во канцеларијата за односи со јавност на Управен суд, во смисла на усна комуникација, како и комуникација преку e-mail адресата на Управен суд.

Исто така во текот на 2020 година, за предметите за кои постоеше поголем интерес за јавноста од страна на овластеното службено лице за односи со јавност, телефонски и преку e-mail адресите на Управен суд беа давани сите барани информации и одговори на поставените новинарски прашања, а во врска со ова по потреба беа објавувани и соопштенија за јавноста на официјалната web страна на Управниот суд.

Во текот на 2020 година, Претседателот на судот, преку голем број спроведени интервјуа, даде свој осврт за бараните изјави и тоа како за домашни така и за интернационални реномирани медиумски куќи на кој начин ја запозна јавноста за начинот на функционирање, постигнатите цели како и придонесот на Управниот суд во успешно спроведување на реформи во судството.

Претседателот на Управен суд, г-дин Бурим Сејдини, на ден 22.02.2020 присуствуваше на Меѓународната научна конференција по повод одлебежувањето на Меѓународниот ден на мајчин јазик, организирано од Агенцијата за примена на јазикот на РСМ.

Имајќи ја во предвид улогата на Управниот Суд на Република Северна Македонија, во придонесот за одржување на фер и демократски изборен процес, Претседателот на Управниот суд, на ден 06.07.2020 година одржа on-line состанок со тимот од канцеларијата на ОБСЕ/ОДИХР во Скопје, предводен од шефицата на мисијата, Laima Andrikienė, а на кој учество земаа Заменик Шеф на Мисијата, Daria Paprocka и Правен Аналитичар, Elena Kovalyova.

На 15 јули 2020 година беа одржани предвремените парламентарни избори во Република Северна Македонија, во врска со кои во Управниот суд пристигнаа вкупно 188 тужби, од кои една од тужбите поднесена од физички лица заради запишување во Избирачки список беше отфрлена како ненавремена, една тужба исто така поднесена од физичко лице за повреда на избирачко право беше одбиена како неоснована, две од тужбите беа поднесени по Закон за спречување на корупција и судирот на интереси од кои едната е одбиена како неоснована а другата е уважена, сите останати тужби со основ - сумирање и утврдување на резултатите за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, беа одбиени како неосновани. По предметните тужби беше одлучено навремено, односно во рамките на законските рокови утврдени во член 150 од Изборниот законик (“Службен весник на РМ” бр.40/06…42/20).

Во текот на 2020 година, беше остварена протоколарна средба помеѓу Претседателот на Управниот суд и вице премиерот за борба против корупција Љупчо Николовски. На средбата се разговараше и во делот за доставување на податоци, а посебно списи по предмети во текот на постапките, како и подобрување на соработката со органите и улогата на Владата во тој поглед. Заедничка констатација е во најкусо време, да се реши прашањето на предавање во владение на доделениот објект на Управен суд, доделен со Одлука на Влада на Република Северна Македонија, бр.44-8928/1 од 25 септември 2018 година.

Од значење е да се спомене дека Претседателот на судот и судиите покажувајќи единство, колегијалност, солидарност како и грижа за здравјето и поддршка на здравствените работници во борба со пандемијата од вирусот КОВИД-19, на Јавната здравствена установа “Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби” – Скопје, во два наврати донираа дел на парични средства од судиските плати.

Исто така, преку успешна соработка со Министерството за здравство на РСМ, Институтот за јавно здравје на РСМ и Центарот за јавно здравје-Скопје, во Управниот суд, ефикасно и во најбрз можен рок се спроведе скрининг на вработените во Судот за присуство на вирусот КОВИД-19 а кое нешто овозможи непречено, во полн состав на вработени и судии да се извршуваат работните задачи особено постапувајќи по предметите во врска со предвремените парламентарни избори 2020 година, кои се од итен карактер и краток законски рок за одлучување по истите.

Поради проблемот со предмети за кои е поднесен правен лек и постои техничка грешка при внес на податоци во евидентцијата на жалбата односно одлуката по жалба, а се работи за предмети кои датираат од постар период и тоа

постари од 5 и повеќе години, Управниот суд и во текот на 2020 година преку писмени дописи ги информираше и бараше решение за надминување на овие проблеми од надлежните институции, работно тело и правниот субјект кој го имплементирал и е надлежен за одржување на електронскиот сиситем АКМИС.

Имено, преку Су.бр.0302-254/20 од 05.10.2020 година, Управниот суд достави "Барање за погрешно заведени жалби" до Работното тело за стандардизација на постапките при користење на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите во Врховниот суд на РСМ, од каде преку известување 03-Су.бр.181/20-23 од 04.12.2020 година се изјасни како ненадлежно да расправа по наведениот проблем**,** поради што истото барање со наведените проблематични состојби го пративме и до и Едусофт, компанијата која го има имплементирано АКМИС системот и е надлежна за негово одржување, а за кое нешто ниту од нив до денес немаме добиено никаков одговор, односно инструкции за начинот на решавање на горенаведените состојби.

Преку, Су.бр.0302-257/20 од 07.10.2020 година доставивме информација до Судскиот совет на РСМ и Вишиот управен суд во врска со нерешените жалби односно бројот на доставени и недоставени жалби до надлежниот суд статистички анализирани, моментална состојба и состојба констатирана на 07.11.2018 година.

Во месец декември, по спроведена контрола од страна на Судскиот совет на РСМ, врз основа на која советот достави барање Бр.03-1960/1 од 16.12.2020 година, Управниот суд преку Су.бр.0302-311/20-3 достави инфомација за состојбите по начелата кои беа предмет на разгледување при спроведената контрола.

Со отпочнување на примената на новиот Закон за управни спорови објавен во Сл.весник бр. 96/20 кој стапи во сила на 25.05.2020 година, континуирано се одржуваат јавни расправи на начин утврден во преодните и завршни одредби од законот, односно по тужбите поднесени по неговото влегување во сила. Јавните расправи се закажуваат и одржуваат во отежнати услови имајќи ги во предвид просторните капацитети на Управниот суд, односно за одржување на истите Управниот суд адаптираше една просторија за јавни расправи на ниво на совет и секоја просторија на судија известител се користи како судница во која истиот постапува како судија поединец.

Од горенаведеното, произлегува дека Управниот суд во текот на 2020 година спроведувал постојан и транспарентен однос како кон целокупната јавност, така и со сите институционални единки на територија на РСМ.

Во текот на 2020 година беа примени вкупно 51 барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што позитивно е одговорено на 47 (четириесет и седум) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер,1 (едно) барање е одбиено, а 3 (три) барања се отфрлени.

Во 2020 година, а заклучно со 31.12.2020 година беа објавени 5762 одлука на web страната на Управниот суд.

### *7.5. Јавни набавки*

Во текот на 2020 година, беа спроведени најголем дел од јавните набавки кои беа предвидени со Годишниот план за јавни набавки Су.02.бр.0507-19/2020 од 30.01.2019 година и Одлуките за измена на годишниот план за јавни набавки, односно беа спроведени **10 јавни набавки од вкупно предвидените 12 јавни набавки.** Од вкупно спроведените постапки за доделување на договор за јавна набавка **5 постапки за јавна набавка се однесуваат на стоки:**

- Набавка за канцелариски материјали,
- Набавка на материјали за автоматска обработка на податоци,
- Набавка на печатени материјали,
- Набавка на горива и масла за моторно возило,
- Набавка на персонални компјутери со монитори и all in one персонални компјутери

**Останатите 5 постапки се однесуваат на јавни набавки на услуги и тоа:**

- Набавка на услуга – изготвување на елаборат за проценка на ризик на работни места и обука на вработени
- Набавка на услуга – одржување на возило
- Набавка на услуга – одржување на хигиена со вклучени средства
- Набавка на услуга – објавување на огласи во дневни весници
- Набавка на услуга – одржување на хигена со вклучени средства.

Постапката за набавка изготвување на елаборат за проценка на ризик на работни места и обука на вработени е спроведена согласно Законот за безбедност и здравје при работа (“Службен весник на РМ” бр.92/07...30/16). Имено, со Решение ИП1 бр.10 од 24.10.2019 година на Државен инспектор за труд – Подрачје Скопје врз основа на член 49 став 1 и 4 од Закон за безбедност и здравје при работа, Управниот суд беше задолжен во рок од 6 месеци да изготви изјава за безбедност при работа врз основа на претходна проценка на ризик на сите работни места, како и да ги упати на обука работниците согласно напреднаведениот закон. Следствено на наведеното беше спроведена предметната постапка, во текот на месец мај 2020 година и истата треба да се финализира во мај 2021 година..

Постапка за набавка на компјутери и набавка на канцелариска опрема се спроведени од причина што во текот на 2020 година имаше нови вработувања, а имаше недостиг на компјутери и канцелариска опрема, па потребно беше да се изврши набавка на нови, со цел да се обезбедат услови за непречено извршување на работните обврски на вработените судски службеници.

Јавната набавка на стоки – средства за одржување на хигена – помошни средства и др. и јавната набавка за набавка на услуги – тапацирање и поправка на работни фотељи, не беа спроведени од причина што не се јави потреба за истите. Конкретно, помошни средства за одржување на хигена Управниот суд имаше во значителна залиха, а не се јави потреба за набавка на услуги – тапацирање и поправка на работни фотељи.

Во врска со постапката за набавка на работи – градежно занаетчиски работи на објект – зграда на ул.Даме Груев број 28 (по ново број 6), доделена со Одлука на Владата на Република Македонија, бр.44-8928/1 од 25 септември 2018 година, јавната набавка е спроведена, односно склучена е Рамковна спогодба за набавка на работи со избраниот понудувач на ден 05.07.2019 година заведена во Судот под Су-02.бр.0507-10/209 од 05.07.2019 година, но во текот на 2020 година

предметната јавна набавка не беше финализирана со оглед на тоа што објектот не беше предаден од страна на Министерството за транспорт и врски, чии служби сеуште ги користат просториите на објектот доделен на Судот. Сепак, по неколку одржани состаноци на овластените претставници од Судот и Министерството, договорено е напушатање на предметниот објект од страна на Министрството за транспорт и врски на почетокот на 2021 година и негово примопредавање на Управниот суд. Следствено на наведеното, а врз основа на склучената Спогодба на ден 11.02.2021 година склучен е Договор за за извршување на работи за внатрешна адаптација со реновирање на постоен објект – зграда, заведен во Судот под Су-02.бр.0507-10/19-1 од 11.02.2021 година, со избраниот изведувач.

### *8. Оддел за судска пракса*

Одделот за судска пракса во Упраниот суд кој е формиран согласно член 66 став 1 и 2 од Судскиот деловник, согласно измената на Програмата за работа и на распоредот за работа на Управниот суд за 2018 година усвоени на седница на судии на 15.10.2018 година, има согласно Судкиот деловник усвено План за следење на судската пракса на Управниот суд по кој работи од формирањето до денес.

Во таа смисла Одделот за судска пракса на Управниот суд има изработено повеќе сентенци објавени на интерната веб страна на Судот, ги систематизира одлуките на Уставниот суд (со цел побрзо и на полесен начин запознавање со нивната содржина), има поднесено до Врховниот суд на Република Македонија неколку иницијативи за утврдување на начелен став и начелно правно мислење на Општа седница на судот, а до Вишиот управен суд се поднесени повеќе барања за произнесување за изразен став во донесени одлуки како и барање за произнесување по промена на веќе изразен став при донесување на одлука, се со цел да се надмине состојбата од донесување и опстојување во правниот промет на различни одлуки за една иста правна состојба, како од страна на Управниот суд така и од страна на Вишиот управен суд.

По започнување на примената на новиот Закон за управни спорови, се одржуваа и сеуште се закажуваат и одржуваат седници на Одделот за судска пракса на кои по одредени правни прашања кои ги наметнува практикувањето на новиот Закон, се заземаат воедначени ставови од сите членови на Одделот (претседателите на сите совети во Судот) и се сочинуваат Предлог заклучоци кои се предаваат до Претседателот на Судот за да истите бидат ставени на дневен ред на седница на судии за нивно усвојување откако по расправа за истите се произнесат сите судии.

За одредени спорни прашања во врска со примената на новиот Закон за управните спорови, сеуште не е постигната согласност за воедначена примена на законските одредби и во иднина ќе се продолжи со консултации и координација со претседателите на советите на седници на Одделот кои сега се одржуваат online. Исто така предмет на обработување се и измените на материјалните и

процесни закони чии измени се од значење за одлучувањето во управниот спор пред Овој суд.

Одделот за судска пракса на Управниот суд по потреба коминицира и доставува одговори односно информации поднесени од страна на редовните судови, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Северна Македонија и до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Судот за човекови права во Стразбург за потребите на постапката од спроведување на донесените одлуки на Овој суд, а ваквата пракса ќе продолжи и во наредниот период.

## *9. Дополнителни статистички податоци, податоци од спроведени контроли во писарницата на Управен суд како и вонредно изготвени информации за состојбата во судот во текот на годината*

### *9.1. Архивирани предмети по уписник и по година на архивирање*

| Уписник | до 03.07.2017 | 03.07.2017-31.12.2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за управни спорови - "**У**" | 1592 | 14 | 142 | 303 | 34 |
| Уписник за управни спорови од имотно-правна област, катастар и образование - "**У-1**" | 35 | 451 | 1486 | 1047 | 740 |
| Уписник за управни спорови од денационализација и други права - "**У-2**" | 7 | 584 | 2996 | 2728 | 1698 |
| Уписник за управни спорови од урбанизам, градежништво и други права - "**У-3**" | 1450 | 427 | 1296 | 1107 | 559 |
| Уписник за управни спорови за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права - "**У-4**" | 57 | 515 | 2147 | 944 | 955 |
| Уписник за управни спорови од јавни набавки и други права - "**У-5**" | 34 | 320 | 3612 | 3450 | 1717 |
| Уписник за управни спорови од царина и други права - "**У-6**" | 1116 | 39 | 329 | 819 | 325 |
| Уписник за разни прекршоци - "**УПР**" | 786 | 706 | 1380 | 1408 | 794 |
| Уписник за прекршоци од областа на царина - "**УПРЦ**" | 0 | 3 | 111 | 180 | 71 |
| Уписник за прекршоци од областа на даноци - "**УПРД**" | 0 | 118 | 218 | 58 | 75 |
| Уписник за прекршоци од областа на конкуренција - "**УПРК**" | 0 | 1 | 7 | 4 | 2 |
| Уписник за извршување на пресуда на Управниот суд - "**Уи**" | 45 | 8 | 68 | 82 | 33 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за разни управни предмети - "**УРП**" | 1303 | 30 | 226 | 328 | 181 |
| Уписник за заштита на основни права и слободи - "**УСПИ**" | 12 | 1 | 121 | 125 | 39 |
| **ВКУПНО** | **6437** | **3217** | **14139** | **12583** | **7223** |

**Табела 15**

### *9.2. Состојба на обжалени предмети и доставени жалби до надлежен суд*

Во периодот 2015-2020 година утврдено е дека во 2020 година приливот на доставени жалби до надлежен суд во однос на обжалени предмети во соодветната година е совладан за 9,7%, кое нешто е прикажано во Табела 16.

| **Година** | **Обжалени предмети** | **Жалби доставени до ВУС** | **Совладан прилив** |
|---|---|---|---|
| 2015 | 4349 | 4216 | -3,06% |
| 2016 | 3926 | 4105 | 4,56% |
| 2017 | 4166 | 4204 | 0,91% |
| 2018 | 3323 | 3760 | 13,15% |
| 2019 | 3066 | 4300 | 40% |
| 2020 | 2737 | 3002 | 9,7% |

**Табела 16**

### *9.3. Време потребно за експедиција на пресуда на Управен суд по верификација*

Од причини што, во 2017 затекната е состојба на постари пресуди кои се не експедирани до странките во постапките, донесени се задолжителни дневни нормирани постапувања на службениците со судската писарница со цел совладување на заостатокот и поставување на континуитет во работата за секоја фаза од постапката по предметите. На тој начин просечното времето потребно за експедиција на пресуда по нејзина верификација се намали од 55 на 8 дена, земајќи ги во предвид и постапките неопходни по верификацијата до предавање на предметот за експедиција.

| | Решени предмет и во 2016 година | решени предмети во период 01.01.2017-30.06.2017 | решени предмети во период 01.07.2017-31.12.2017 | решени предмет и во 2017 година | решени предмети во 2018 година | решени предмет и во 2019 година | решени предмет и во 2020 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Просечно време потребно за експедиција на пресуда на Управен суд по нејзина верификација** | 55 дена | 57 дена | 19 дена | 40 дена | 12 дена | 8 дена | 8 дена |

**Табела 17**

## *10. Резиме*

Од сето напреднаведено, произлегува дека Управниот суд во секоја од фазите на постапување и преземање на конкретни дејствија ги има исполнето предвидените високо поставени цели, на начин да овозможи да се достигне минимумот во времетраење на постапките, што допринесува овој суд да биде ефикасен во своето работење.

.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД**
**m-r Burim Sejdini**